Врз основа на член 5 став 2 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОСТАПКАТА, НАЧИНОТ НА ИЗГОТВУВАЊЕ, СОДРЖИНАТА НА ИЗВЕШТАИТЕ ЗА СОСТОЈБИТЕ И ПРОМЕНИТЕ ВО ПРОСТОРОТ И РОКОВИ ЗА НИВНО ДОСТАВУВАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за постапката, начинот на изготвување, содржината на извештаите за состојбите и промените во просторот и рокови за нивно донесување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/2005), Информативниот лист и Упатството за изготвување на Информативниот лист во Прилог 1 се заменуваат со нов Информативен лист и Упатство дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-4424/3
17 октомври 2006 година
Скопје

Министер за животна средина
и просторно планирање,
**Имер Алиу**, с.р.

**ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ**

---

**Податоци за следење на одделни промени во просторот**

**Извештајна единица:_____________**
**Година:___________**

---

**Податок** **Содржина**

1. Биланс на површината на подрачјето на општината
   - Обработливо земјиште ха
   - Пасишта ха
   - Шуми ха
   - Населени места ха
   - Водени површини ха
   - Инфраструктура ха
   - Рударство ха
   - Неплодни површини ха
2. Пренамена на непродуктивни површини (камењари, буични простори и сл.) во продуктивни (ливади, шуми, ораници) локалитет, во ха
3. Реализирано пошумување локалитет, во ха
4. Наводнувани и одводнувани површини
   4.1. Ново наводнувано обработливо земјиште, систем за наводнување:
   - Изворници за наводнување (река, акумулација, бунари)
     _ ________________________________________________
     капацитет ____________________________________________
   - Со отворени канали локалитет, во ха
   - Со вештачки дожд локалитет, во ха
   - Систем капка по капка локалитет, во ха

   4.2. Систем за одводнување и површини кои се опфатени со одводнување ________________________ во ха
5. Зголемување на изградената површина во градовите и општинските центри во ха
6. Зголемување на изградената површина на селските населени места во ха
7. Нова сообраќајна инфраструктура
   7.1. Нови сообраќајници и придружни и услужни објекти на подрачјето на Р. Македонија (делници, должина во км, површина во ха)
   - магистрални сообраќајници
   - регионални сообраќајници

   7.2. Нови сообраќајници на подрачјето на општината (должина во км, површина во ха)
   - локални сообраќајници

   7.3. Нова примарна и секундарна железничка мрежа, на подрачјето на Р. Македонија (делници, должина во км, површина во ха, придружни објекти)
   - магистрални линии
   - регионални линии
   - локални линии

   7.4. Нова примарна и секундарна аеродромска мрежа и придружни објекти на подрачјето на Р. Македонија

| | |
|---|---|
| 8. Енергетика | |
| 8.1. Нови хидроелектрани, мини електрани | локалитет, инсталирана снага, годишно производство |
| 8.2. Нови термоелектрани на: јаглен, гас, течни горива | локалитет, инсталирана снага, годишно производство |
| 8.3. Нови јагленокопи | локалитет, инсталирана снага, годишно производство |
| 8.4. Нови појави на геотермална вода | локалитет,проток, температура |
| 8.5. Нови објекти на обновливи извори на енергија: ветер, сонце, биомаси | локалитет, инсталирана снага, годишно производство |
| 8.6. Гасоводен систем, гасни подстаници | локалитет, изградена должина, годишна потрошувачка |
| 8.7. Нафтоводи, продуктоводи | локалитет, изградена должина, годишна потрошувачка |
| 9. Нови акумулации | локалитет, зафатнина ($м^3$), површина (ха) и квалитет на земјиште |
| 10. Нови далноводи | напон, делница, должина (км) |

| | |
|---|---|
| 11. Нови трафостаници | локалитет, напон, моќност |
| 12. Нова телефонска мрежа, централа | должина и делница на оптички кабел, локација и капацитет на телефонска централа |
| Нови базни станици | локација |
| Нови ПТТ објекти | локација |
| Нови РТВ, УКТ репетитори | локација, која радио-дифузна мрежа мрежа |
| 13. Нови стопански објекти и планирани површини за стопанска намена | |
| 13.1. Нови стопански објекти | |
| – индустриски објекти | населено место (локалитет), капацитет, вработени, вид на дејност, површина на локација |
| – туристичко-угостителски објекти | населено место (локалитет), капацитет, вработени, површина на локација |
| – трговски центар | населено место, површина на локација |
| – друг деловен објект | населено место (локалитет), вид на дејност, вработени, површина на локација |
| – сточарски фарми | локалитет-населено место, број на грла, површина на локација |

| | |
|---|---|
| – рибници | населено место (локалитет), капацитет, површина на локација |
| – слободни економски зони | населено место (локација) површина, вид на стопански дејности, вработени |

13.2. Планирани површини за стопанска намена според усвоена урбанистичка документација: Генерален урбанистички план, Детален урбанистички план, УП за село, УП вон населено место, (во понатамошен текст ГУП, ДУП, УПС, УПВНМ) во анализираната година:

| | |
|---|---|
| – индустриски зони | во или вон населено место, површина во ха |
| – зони за мало стопанство | во или вон населено место, површина во ха |
| – сервисни зони | во или вон населено место, површина во ха |
| – стопански комплекси<br>– (производна, туристичка или друг вид на<br>– услужна дејност) | во или вон населено место, површина во ха, вид на дејност, вработени |

---

| | |
|---|---|
| 14. Нови објекти или објекти во градба од општествен стандард | населено место,број на објекти, капацитет, површина во ха и $м^2$ |

– Предучилишни објекти (број на деца и број на смени)
______________________________________________________________

– Основно училиште (број на ученици и број на смени)
______________________________________________________________

– Осумгодишно училиште (број на ученици и број на смени)
________________________________________________________________
– Средно насочено училиште (број на ученици и број на смени)
________________________________________________________________
– Здравствена установа (лекари, број на постели)
________________________________________________________________
– Социјална установа (социјални работници и број на корисници)
________________________________________________________________
– Дом на културата, библиотека и сл. (број на седишта и број на книги)
________________________________________________________________
– Управа, администрација (вработени)
________________________________________________________________

---

15. Систем за водоснабдување и систем за одведување и третман на отпадни води

15.1. Систем за водоснабдување на населено место (изграден или во градба) населено место (локација)

– изворник за водоснабдување ____________________________________
– кота на изворникот ____________________________________________
– должина и дијаметар на доводот (км)____________________________
– должина на секундарната мрежа(км)_____________________________
– објекти на мрежата и нивниот капацитет (резервоари, пумпни станици и др.)
________________________________________________________________
________________________________________________________________
– изградена (предвидена) филтерница______________________капацитет

15.2. Проширување на постоечкиот водоснабдителен систем за населено (и) место: ________________________________________________

– изворник за водоснабдување ____________________________________
– кота на изворникот ____________________________________________
– должина и дијаметар на доводот (км)____________________________
– должина на секундарната мрежа(км)_____________________________
– објекти на мрежата и нивниот капацитет (резервоари, пумпни станици и др.)
________________________________________________________
________________________________________________________________

15.3. Систем за одведување и третман на отпадните води:

– населено место_________________________________________________
– изграден колектор (дијаметар и должина) _______________________
– изградена секундарна мрежа (дијаметар и должина) ______________________________________________________
– реципиент _____________________________________________________
– пречистителна станица ЕЖ ______________________________________

15.4. Проширување на постоечкиот систем за одведување на отпадните води: ___________________________________________________________

– населено место_________________________________________________
– ново приклучени населени места
– изграден колектор (дијаметар и должина) _______________________
– изградена секундарна мрежа (дијаметар и должина) ______________________________________________________
– реципиент _____________________________________________________
– пречистителна станица ЕЖ ______________________________________

| | |
|---|---|
| 16. Природно наследство вид, локалитет, големина (ха)<br>16.1. Подрачја со посебни природни вредности кои се заштитени со Закон или Одлука на Влада<br>16.2. Евидентирани подрачја со посебни природни вредности кои во иднина треба да се заштитат | |
| 17. Преземени мерки за заштита од ерозија:<br>– градежни работи (површина ха)<br>– шумско мелиоративни работи (површина ха) | <br>локалитет<br><br>локалитет |
| 18. Регулација на речни корита-речно корито, должина, степен на заштита | |
| 19. Природни и техничко-технолошки катастрофи<br>19.1. Свлечишта<br>19.2. Пожари<br>19.3. Техничко-технолошки хаварии | <br>населено место (локалитет) површина во ха<br>вид, населено место (локалитет) површина во ха<br>вид, населено место (локалитет) |
| 20. Јавни засолништа<br>– новоизградени<br>– во тек на градба | населено место (локалитет), површина ($м^2$) |
| 21. Нови депонии за:<br>– Опасен отпад<br>– Неопасен отпад<br>– Инертен отпад | населено место (локалитет), површина во ха |
| 22. Новоизградени објекти за домување<br>22.1. Новоизградени објекти за домување<br>– во станбени згради (повеќеетажни станбени згради со повеќе од три станови, комуникациски вертикали, во блоковски низи, самостоечки и др.<br>– станбени куќи (со дворови, самостојни, двокуќи, куќи во низови, атриумски куќи, вили, викенд куќи) | населено место, број<br>населено место, број и максимална висина |

22.2. Новоизградени објекти за домување без дозвола (дивоградби) — населено место, број

- во станбени згради (повеќеетажни станбени згради со повеќе од три станови, комуникациски вертикали, во блоковски низи, самостоечки и др.
- станбени куќи (со дворови, самостојни, двокуќи, куќи во низови, атриумски куќи, вили, викенд куќи)

23. Недвижно културно наследство
Новооткриено недвижно културно наследство — вид, локалитет, површина

- Заштитени недвижни културни добра- валоризација, категоризација, ревалоризација и режим на заштита
- Незаштитени недвижни културни добра и иден статус на заштита

24. Урбанистичка документација за градови и селски населени места усвоена во анализираната година (ГУП, Урбанистички план за село, Урбанистички план вон населено место, измена и дополна (усогласување) на ГУП и сл.)

25. Урбанистичка документација за градови и селски населени места која е во тек на изработка во анализираната година (ГУП, Урбанистички план за село, Урбанистички план вон населено место, измена и дополна (усогласување) на ГУП и сл.)

26. Површина на проширување на градежните опфати на населените места согласно усвоената урбанистичка документација во анализираната година и на која категорија земјиште (ха)

Број,
Дата,
Место

Одговорно лице

______________________

Печат

Потпис

______________________

## УПАТСТВО
## ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ИНФОРМАТИВНИОТ ЛИСТ

Податок 1 Во Точка 1. се внесуваат податоци за следењето и промената на одделни намени на просторот во рамките на вкупната површина. Податокот за промената се зема од нумеричките податоци (култура, класа, површина и др.), кои се евидентирани за тоа земјиште во катастарскиот операт на земјиштето, односно недвижностите. Како пример под обработливо земјиште се подразбира: ораници, овоштарници, лозја, ливади, трстини. Водени површини опфаќаат природни езера, акумулации, водотеци. Инфраструктура надвор од населеното место, патишта, железници, аеодроми и придружни објекти. Површини во рударство - само површини над земја. Неплодни површини: камењари, буични простори. Сите податоци се претставуваат во хектари.

Податок 2 Во Точка 2. се внесуваат податоци за површина на пренамената на непродуктивното во продуктивно земјиште. Се означува локалитетот каде е извршена квалитативната промена и големината на зафатот во хектари.

Податок 3 Во Точка 3. се внесуваат податоци за локалитетите каде е реализирано пошумувањето, класата на земјиштето и обемот на пошумувањето во хектари.

Податок 4 Во Точка 4.1. се внесуваат податоци за локалитетот каде е реализиран системот за наводнување (или е во градба); површина на наводнуваното земјиште во ха; должина на основната и деталната мрежа за наводнување; изворник на вода и капацитет на изворникот. Во Точка 4.2. се внесуваат податоци за локалитетот на реализираниот систем за одводнување (или е во градба), површина која се одводнува (ха), должина на основната и детална каналска мрежа (км), реципиент.

Податок 5 и 6 Во Точка 5. и 6. се внесуваат податоци за зголемувањето на изградената површина на населените места односно зголемувањето на опфатот на градежниот реон на населените места (со објекти и придружни содржини изразено во хектари), како и културата и класата на земјиштето (од I - VIII) на кое е извршено проширувањето на населеното место.

Податок 7 Во Точка 7.1. се внесуваат податоци за делница, должина и површина на сообраќајниците реализирани (асфалтирани) или во градба и тоа одделно за магистрални и регионални патишта со придружни и услужни објекти на ниво на Р. Македонија.

Во Точка 7.2. се внесуваат податоци за должина и површина на локални сообраќајници реализирани (асфалтирани) или во градба на ниво на општини.

Во Точка 7.3. се внесуваат податоци за примарна и секундарна железничка мрежа, должина и површина како и податоци за придружни објекти реализирани или во градба на ниво на Р. Македонија.

Во Точка 7.4. се внесуваат податоци за реализирана или во градба примарна и секундарна аеродромска мрежа и придружни објекти на подрачјето на Р. Македонија.

Податок 8 Во Точка 8. се внесуваат податоци за ново изградени хидроелектрани и мини електрани (или во градба), потребно е да се наведе локалитетот, инсталирана снага и годишно производство на електраните. Истото се однесува и за термоелектрани. За новите јагленокопи потребно е да се наведе локалитетот и зафатената површина, а за новите регистрирани појави на геотермална вода, локалитетот, протокот и температурата на испуст. За обновливите извори на енергија потребно е да се наведе локалитетот, инсталираната снага и годишното производство. За гасоводниот систем, гасните подстаници, како и за

нафтоводите и продуктоводите треба да се наведе локалитетот, изградената должина и годишната потрошувачка.

Податок 9 Во Точка 9. се внесуваат податоци за локалитет каде е изградена акумулацијата или е во тек на градба, нејзината зафатнина ($м^3$); зафатнина на ретензиониот и корисниот простор; површина на водното огледало; кота на максимално, нормално и минимално ниво на водата; кота на круната на браната; висина на браната; тип на браната; нејзината намена; квалитетот на земјиштето кое е поплавено со изградба на акумулацијата (ха).

Податок 10 Во Точка 10. се внесуваат податоци за новоизградени далноводи, одделно од 110, 220 и 400KV, локалитет, делница и должина (во километри).

Податок 11 Во Точка 11. се внесуваат податоци за локалитет на новоизградени трафостаници, напонска трансформација (одделно за 110, 220 и 400KV) и инсталираната моќност.

Податок 12 Во Точка 12. се внесуваат податоци за поставен телефонски кабел (делница и должина на кабел), локација и капацитет на монтирана телефонска централа, локација на нова базна станица за мобилна телефонија, нови поштенски објекти (или во градба) во кое населено место. За новите РТВ и УКТ репетитори да се дадат податоци за локалитет и на која јавна радио-дифузна мрежа припаѓа тој објект-репетитор.

Податок 13 Во Точка 13.1. се внесуваат податоци за: ново изградени стопански објекти (или во градба) и слободни економски зони, намена на објектот, површина, вид на производство и услуги, на кој локалитет односно во кое населено место, капацитет на објектот (финални производи во зависност од единицата на производот, односно број на грла на добиток за сточарските фарми и број на легла за туристичките објекти) годишно, број на работници и смени.

Во Точка 13.2. се внесуваат податоци за Планирани површини (во ха ) за стопанска намена (производна или услужна) согласно усвоена урбанистичка документација во анализираната година (ГУП, ДУП, УП за село, УП вон населено место).

Податок 14 Во Точка 14. се внесуваат податоци за ново изградени објекти од општествен стандард, односно фаза на градба на објектот (реконструкција, доградба, надградба), на кој локалитет односно во кое населено место, површина во м2 и капацитет поодделно за објектите (број на деца, број на ученици, број на смени, број на лекари, постели, социјални работници и број на корисници во социјалните установи, број на книжен фонд, број на седишта во културните домови).

Податок 15 Во Точка 15.1. се внесуваат податоци за систем за водоснабдување на населените места кој е изграден во текот на анализираната година или е во тек на градба (да се назначи) да се наведе: име на изворникот за водоснабдување (извор, река, бунар, акумулација) со кота на зафаќање; капацитет на системот; кои населени места (ќе) се водоснабдуваат; должина и дијаметар на цевоводот. Доколку во склоп на системот има изградено (предвидено) филтерница да се наведе нејзиниот капацитет.

Во Точка 15.2. доколку постоечките системи за водоснабдување се проширени со нови изворници или кон нив се приклучени нови населени места да се наведат населените места, новите изворници и капацитетот на проширувањето.

Во Точка 15.3. за системи за одведување на отпадните води да се наведе: должината и дијаметарот на колекторот; населените места кои се приклучени на колекторот; капацитет и местоположба на пречистителната станица и реципиент во кој ќе се испуштаат отпадните води.

15.4. доколку постоечките системи за одведување на отпадните води се проширени со нова мрежа и нови корисници да се наведат населените места и капацитетот на проширувањето.

Податок 16 Во Точка 16.1. се внесуваат податоци за подрачјата со посебни природни вредности кои во анализираната година се прогласени за заштитени подрачја согласно Категоризацијата за заштитени подрачја:

- Строг природен резерват
- Национален парк
- Споменик на природата
- Парк на природата
- Заштитен предел
- Повеќе наменско подрачја

Се назначува локалитетот и големината на заштитеното подрачје во ха.

Во точка 16.2. се внесуваат податоци за евидентираните подрачја со посебни природни вредности во анализираната година, а кои во иднина треба да се заштитат.

Податок 17 Во Точка 17. се внесуваат податоци за поројните водотеци, серии и вододерини кои се опфатени со противерозивни мерки. Локалитетот и видот на мерки кои се превземени за заштита од ерозија - градежни работи; шумско мелиоративни работи и површина (ха) која е опфатена со противерозиони мерки.

Податок 18 Во Точка 18. се внесуваат податоци за речните корита кои се регулирани, степен на заштита (на колку годишна вода е регулирано коритото), должината на регулацијата.

Податок 19 Во точка 19.1. е внесуваат податоци за свлечиштата во населено место, односно локалитет и зафатена површина.

Во Точка 19.2. се внесуваат податоци за евидентирани пожари по вид, место и големина на зафатена површина.

Во Точка 19.3. се внесуваат податоци за евидентирани техничко-технолошки катастрофи, по вид, населно место односно локација каде се случиле, по можност колкава била штетата и обемот што го зафатиле.

Податок 20 Во Точка 20. се внесуваат податоци за број и капацитет на јавни засолништа, новоизградени и во тек на градба

Податок 21 Во Точка 21. се внесуваат податоци за ново изградени или во градба депонии, и тоа:

- Растојание од населено место
- Класа на депонија
- Капацитет на депонијата, во $м^3$/ден
- Површина на депонијата, во ха.

Податок 22 Во точка 22.1. се внесуваат податоци за број на изградени објекти за домување или објекти во градба за кои е издадена дозвола за градба, населено место и површина во м2.

Во точка 22.2. се внесуваат податоци за објектите за домување без дозвола за градба (дивоградби), име на локалитетот, број на објекти и површина во м2.

Податок 23 Точка 23. се однесува на инвентаризација на сите промени на состојбите на постојните и новооткриените недвижни културни добра во анализираната година: податоци за видот, категоријата по степен на значење, мерки на заштита на заштитени недвижни културни добра; евиденција на незаштитени

недвижни културни добра и иден статус на заштита (културно наследство, добро под привремена заштита или резервирана археолошка зона).

Податок 24 Во точка 24. се внесуваат податоци за Урбанистичка документација за градови и селски населени места усвоена во анализираната година (ГУП, Урбанистички план за село, Урбанистички план вон населено место, измена и дополна (усогласување) на ГУП и сл.) со плански опфат во ха, временски хоризонт и изготвувач.

Податок 25 Во Точка 25. се внесуваат податоци за Урбанистичка документација за градови и селски населени места која е во тек на изработка (ГУП, Урбанистички план за село, Урбанистички план вон населено место, измена и дополна (усогласување) на ГУП и сл.) со плански опфат во ха, временски хоризонт и изготвувач.

Податок 26 Во Точка 26. се внесуваат податоци за површина на проширување на градежните опфати на населените места согласно усвоената урбанистичка документација во анализираната година, изразена во ха и класата (I-VIII) на земјиштето на кое е предвидено проширувањето.

Забелешка:
За објектите од инфраструктурата потребно е да се прикаже нивната точна локација со соодветните геодетски елементи (координати) или да се нанесат на топографска карта во соодветен размер.